Државен завод за статистика



# Статистичко истражување за склучени бракови

## НМ_СБ.1_А_МК_2024_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| одделение за статистика на население | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Дијана Крстевска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| раководител на одделение | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| dijana.krstevska@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3429 417 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 1/06/2025 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 1/06/2025 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 1/06/2025 | |

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Податоци за склучените бракови, демографските и социоекономските карактеристики на сопружниците, со цел следење на појавата што настанува со склучување на бракот како биолошка и општествена заедница за живеење и обновување на населението. Со ова статистичко истражување се обезбедуваат податоци за склучените бракови, во согласност со Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија" број 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14,115/14 и 104/15), запишани во матичната книга на венчаните.

### 3.2 Систем на класификации

Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2019;

https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/NTESSlVes2019.pdf

Национална класификација на занимањата, 2015

https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/NKZ_2015.pdf

Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED2011 - Меѓународна стандардна класификација на образованието МСКОБ (2013).

https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/2.8.14.01.pdf

### 3.3 Опфат на сектор/и

не е применливо.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Брак е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството („Закон за семејство"). Брачната состојба, во зависност од полот, може да биде: неженет (за мажот) и немажена (за жената), што подразбира дека лицата никогаш порано не биле во брак; вдовец (за мажот) и вдовица (за жената), што означува дека лицата не се во брак, а претходниот брак престанал со смрт на брачниот другар; разведен (за мажот) и разведена (за жената), што означува дека лицата не се во брак, а претходниот брак престанал со развод. Брак по ред означува колку бракови склучило лицето, вклучувајќи го и бракот кој се регистрира. Стапка на нупцијалитет - (склучени бракови на 1000 население) - оваа стапка покажува соодност помеѓу бројот на законски склучените бракови во текот на една година и бројот на населението на средина на истата година. Просечна возраст на маладоженецот/невестата - овој показател ни ја дава просечната возраст на младоженецот/невестата при склучување на бракот (или првиот брак), односно колку години просечно има младоженецот/невестата при склучување на бракот во набљудуваната година (календарска година) на одредено подрачје. Пресметките се прават врз основа на вкупниот број на склучени бракови и возраста на младоженецот/невестата.

### 3.5 Статистичка единица

Секој склучен брак според важечките законски прописи за склучување на брак, кој е евидентиран во матичната книга на венчаните.

## 3.6 Статистичка популација

Склучените бракови во Република Северна Македонија во календарската година, според важечките законски прописи за склучување на брак, евидентирани во матичната книга на венчаните. Почитувајќи ги меѓународните препораки за објавување на податоците од витална статистика, а со цел прикажување на пообјективна слика за состојбите, започнувајќи од 2004 година, Државниот завод за статистика ја промени методологијата на прикажување на податоците за виталните настани, при што во вкупниот број на витални случаи се вклучени само настаните случени во Република Северна Македонија. Врз основа на ваквата методологија, се пресметуваат и сите индикатори поврзани со виталните настани.

## 3.7 Референтна област

Географското ниво според кое се прави публикувањето на податоците и е во согласност со Програмата за статистички истражувања: национално, региони и на ниво на општини.

## 3.8 Временска покриеност

Расположиви податоци почнувајќи од 1947 година.

Од 1994 година и на регионално ниво според Номенклатурата на територијални единици за статистика - НТЕС.

Од 2004г Државниот завод за статистика ја промени методологијата на прикажување на податоците за виталните настани, при што во вкупниот број на склучени бракови се вклучени само настаните случени во земјата.

## 3.9 Базен период

не е применливо.

# 4 Единица на мерење

Број на склучени бракови

# 5 Референтен период

Вкупниот број на склучени бракови во календарската година од 01.01. до 31.12.

# 6 Институционален мандат

## 6.1 Законски акти и други договори

Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23). (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8)

ЕУ регулативи: Меѓународни: Regulation (EU) No 1260/2013 of the European Parliament on European demographic statistics, Regulation (EU) No 205/2014, и

UN Principles and Recommendations for a Vital Stat istics System Revision 3.

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

Податоците редовно се споделуваат преку трите годишни прашалници од доменот на демографијата и доставуваат до Евростат со користење на алатката E-DAMIS : POPSTAT (UNIfied DEMOgraphic data collection) и годишните прашалници за: UN Statistics Division-Demographic Statistics Section-Questionnaire on Vital Statistics и WHO.

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .

Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

| 7.2 | **Доверливост - третирање на податоците** |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf),индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | **Политика за објавување** |
|---|---|

| 8.1 | **Календар на објавување** |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, кој се ажурира квартално.

| 8.2 | **Пристап до Календарот на објавување** |
|---|---|

https://www.stat.mk/en/publishing-calendar/#/

| 8.3 | **Кориснички пристап** |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | **Фреквенција на дисеминација** |
|---|---|

Месечна. Податоците се објавуваат месечно и тримесечно како претходни податоци и како конечни на годишно ниво.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Соопштенијата (да се наведат сите наслови на Соопштенија од соодветното истражување) се објавуваат ( да се наведе периодиката: месечно, квартално) и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:
„Соопштенија“ https://www.stat.mk/mk/%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%BE%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0

Тримесечно соопштение: „Природно движење на населението“.

https://www.stat.mk/mk/stat/%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%B5%D1%9A%D0%B5/naselenie/%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE-%D0%B4%D0%B2%D0%B8%D0%B6%D0%B5%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE/

Годишно соопштение: „Склучени и разведени бракови “.

https://www.stat.mk/mk/stat/%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%B5%D1%9A%D0%B5/naselenie/sklucheni-i-razvedeni-brakovi/

Годишно соопштение:Демографски податоци според градски и селски подрачја, по региони.

https://www.stat.mk/mk/stat/%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%B5%D1%9A%D0%B5/naselenie/%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%84%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%86%D0%B8-%D1%81%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%B4-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B8-%D1%81%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D1%80%D0%B0%D1%87%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B8/

## 10.2 Публикации

Месечен статистички извештај:

https://www.stat.mk/mk/site-
publikafii/%D0%BC%D0%B5%D1%81%D0%B5%D1%87%D0%B5%D0%BD-
%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0
%B8-
%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98/%D0%BC%D0%B5%D
1%81%D0%B5%D1%87%D0%B5%D0%BD-
%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0
%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-05-2025/

Статистички годишник на Република Северна Македонија:

https://www.stat.mk/mk/site-publikafii/statistichki-godishnik/statistichki-godishnik-2024/

Регионите во Република Северна Македонија:

https://www.stat.mk/mk/site-
publikafii/%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-
%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-
%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D
1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-
%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-
%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-
2024/

Северна Македонија во бројки:

https://www.stat.mk/mk/site-
publikafii/%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-
%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-
%D0%B2%D0%BE-
%D0%B1%D1%80%D0%BE%D1%98%D0%BA%D0%B8/%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D
1%80%D0%BD%D0%B0-
%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-
%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D1%80%D0%BE%D1%98%D0%BA%D0%B8-2024/

Макстат избор:

https://www.stat.mk/mk/site-publikafii/makstat-izbor/makstat-izbor-2024/

Жените и мажите во Северна Македонија,2025: https://stat.mk/media/3dvc2npq/mk_zenite-i-mazite-2025.pdf

| | |
|---|---|
| **10.3** | **Онлајн база на податоци** |

МакСтат база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС.

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__Vitalna

| | |
|---|---|
| **10.4** | **Пристап до микроподатоци** |

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22).

| | |
|---|---|
| **10.5** | **Друго** |

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

| | |
|---|---|
| **10.6** | **Документација за методологијата** |

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика. http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2

| | |
|---|---|
| **10.7** | **Документација за квалитетот** |

Извештајот се подготвува во согласност со интерните упатства и е само за интерна употреба.

| | |
|---|---|
| **11** | **Управување со квалитет** |

| | |
|---|---|
| **11.1** | **Обезбедување на квалитетот** |

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 46 и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx).

| | |
|---|---|
| **11.2** | **Оценка на квалитетот** |

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| 12 | **Релевантност** |
|---|---|

| 12.1 | **Потреби на корисниците** |
|---|---|

Демографските податоци и индикатори кои се пресметуваат врз основа на податоците добиени од ова статистичко истражување, се од постојан предмет на интерес како од страна на домашната јавност, така и од меѓународната (пр., институции, универзитети, медиуми и поединци) и се применуваат во градењето на политиките за научни и развојни цели во општеството. Податоците се користат директно, но исто така се користат и за пресметување на индикатори од други статистички сектори.

| 12.2 | **Задоволство на корисниците** |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| 12.3 | **Комплетност** |
|---|---|

не се пресметува.

| 13 | **Точност и веродостојност** |
|---|---|

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

| 13.1 | **Севкупна точност** |
|---|---|

Точноста на податоците се обезбедува со преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и со дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| 13.2 | **Примерочни грешки** |
|---|---|

Не е применливо.

| 13.3 | **Непримерочни грешки** |
|---|---|

Грешки во опфатот: Се обезбедува 100% опфат. Грешки во обработката: Во обработката се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци. Грешки во неодговорот: Со оглед на обезбедениот целосен опфат, грешки во неодговорот нема.

| 14 | **Навременост и точност** |
|---|---|

| 14.1 | **Навременост** |
|---|---|

T+180

| 14.2 | **Точност** |
|---|---|

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден ( најавен) во Календарот за навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво и на ниво на региони. Географската споредливост со останатите европски земји е обезбедена во согласност со европските регулативи.

### 15.2 Временска споредливост

Без прекин во временската серија, обезбедена е споредливост на податоците од 2004 година.

### 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Меѓудоменска кохерентност е обезбедена (споредба со податоците од административниот регистар на населението).

### 15.4 Внатрешна кохерентност

не е применливо

## 16 Трошок и оптовареност

не е применливо.

## 17 Ревизија на податоците

### 17.1 Политика за ревизија на податоците

Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: https://www.stat.gov.mk/RevizijaNaPodatocite.aspx .

### 17.2 Практика за ревизија на податоците

не е применливо

## 18 Статистичка обработка

### 18.1 Извори на податоци

Изворот на податоци за ова статистичко истражување е административен, т.е. податоците се добиваат врз основа на евиденцијата/запишувањето на склучените бракови во матичната книга од страна на матичните служби на Управата за водење на матичните книги при Министерството за правда. Според правните прописи за водење на матичните книги, секој склучен брак задолжително се запишува во матичната книга на венчаните на подрачјето каде што се случил настанот, без разлика на тоа дали сопружниците живеат во тоа подрачје или не. т.е. по принципот „место на постојано живеење“.

### 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Месечна.

### 18.3 Прибирање на податоците

Податоците се прибират со метод на самопополнување на статистичкиот прашалник за венчани (Образец ВИТ 3) од страна на извештајните единици, т.е. матичните служби. Самопополнувањето (над 97%) се врши електронски, а во останатите матични служби каде што не постои можност за електронски внес, самопополнувањето на прашалникот се врши рачно. Испечатената копија од електронскиот внес и пополнетите прашалнци од страна на матичните служби се доставуваат (по пошта или лично) до регионалните одделенија за статистика, најдоцна до 10-ти во месецот за претходниот месец.

## 18.4 Проверка на податоците

Проверка на податоците се врши во согласност со утврдени методолошки правила и упатства за контрола. Првична проверка на податоците пред и по внесувањето на податоците се врши од страна на регионалните одделенија. За следење на опфатот пополнуваат Месечен извештај за виталната статистика ДЕМ-4 кој електронски се доставува до ДЗС, најдоцна до 10-ти во месецот за претходниот месец. За отстапувањата се контактираат извештајните единици. Потоа следи шифрирање и внес на прашалниците според утврдени методолошки правила и упатстава за контрола.

## 18.5 Компилирање податоци

Пополнетите прашалници, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, т.е. матичните служби, се внесуваат на електронски медиум во регионалните одделенија, преку апликација со вградени on-line контроли. Недостигот на некои податоци се обезбедува со соодветна импутација на податокот, при што се користат утврдени методолошки правила и упатства за контрола. Преземањето на внесените податоци од регионалните одделенија, т.е. нивно обединување, последователни контроли, обработка и табелирање на податоците, се врши од страна на стручното одделение во ДЗС, при што се користат утврдените методолошки правила и дефинирани критериуми за контрола.

## 18.6 Прилагодување

не е применливо

## 19 Коментар

## А.1 Анекси